# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| Назив на предлогот на закон: | НАЦРТ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ |
| Одговорно лице и контакт информации: | Валентина Шаурек, државен советник<br>vsaurek@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒**Нацрт**<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒Друго ______________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☐**Не** |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Јануари 2018 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Февруари 2018 |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

*1.1 Опис на состојбите*

Оценките за состојбите дадени од Европската Комисија во извештаите за напредокот на Република Македонија во последниве години, Препораките од групата на високи експерти за системските прашања за владеење на правото кои се однесуваат на следењето на комуникациите откриени пролетта 2015 година, , Препораки од групата на високи експерти за системски прашања за владеење на правото од септември 2017, Итните реформски приоритети на Европската Комисија за Република Македонија јуни 2015, како и другите меѓународни извештаи веќе подолго време укажуваа за потребата од измени во насока на овозможување на владеењето на правото, но и градење на самостојно, независно и непристрасно, ефективно и квалитетно судство.

Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план, донесена од Владата на Република Македонија, а со која се пристапи кон фазно надминување на лоцираните слабости во правосудниот систем, една од главните цели е преиспитување на системот на дисциплинските постапки и оценување на квалитетот и ефикасноста на постапувањето на судиите.

Во изминатиот период постигнатите резултати на полето на ефикасноста на судството остануваат во сенка во споредба со квалитативните елементи.

Основната цел на овој Предлог - закон е усогласување со дадените забелешки од Мислењето на Венецијанска Комисија за законите за дисциплинска одговорност и оценување на судии на Република Македонија од декември 2015 година,

Со овие препораки се бара да се зајакне квалитативниот критериум кај оценувањето на судиите, односно да се отстрани двојноста на основите за разрешување на судиите, долгата листа на околности кои може да доведат до дисциплинско казнување на судиите, како и потребата од недвосмислено утврдување на „вина" на судијата како основ за утврдување на одговорност.

Во таа насока, се пристапи кон изготвување на Предлог закон за изменување на Законот за судовите, со кој се предвидуваат основите за поведување на дисциплинската постапка, како и дисциплинските повреди и мерки.

### 1.2 *Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

.Потребата да се поедностави дисциплинската постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, беше постојано укажувана како во препораките од меѓународните извештаи, така и во извештаите на граѓанскиот сектор. Воедно, со донесувањето на Планот 3-6-9 на Владата на Република Македонија, Програмата на Владата на Република Македонија, како и со Акциски план за спроведување на Стратегијата на реформа на правосудниот сектор 2017-2022 се утврдија конкретните рокови за постапување на институциите во однос на предвидените стратешки насоки, мерки и активности.

Постапувањето по забелешките и препораките од Мислењето на Венецијанската комисија од 2015 година е приоритетно во делот на правосудните реформи.

Оттука, измената на Законот за судовите е неопходна основа за да се спречи натамошното „казнување“ на судиите и потребата од овозможување на балансирано и урамнотежено оценување на судиите, кое во крајна линија ќе доведе до зголемување на квалитетот на одлуките и овозможување на развивање на вештините и способностите на судиите, што понатаму ќе резултира со зголемена доверба на граѓаните во судскиот систем.

Во Законот за судовите, главата V ПРЕСТАНОК И РАЗРЕШУВАЊЕ ОД СУДИСКА ФУНКЦИЈА ги уредува одредбите за престанок на судската функција, разрешувањето на судијата, нестручно и несовесно вршење на судиската функција, дисциплинските повреди и дисциплинските мерки.

Основите за дисциплинска одговорност се непрецизни и се преклопуваат, што доведува до конфузија и субјективност при водењето на постапката и изрекувањето на дисциплинските санкции. Се забележува и тоа дека не постои директна поврзаност меѓу некои од дисциплинските повреди и вината кај судијата како поединец. Сето тоа доведува до непостоење на вистинската рамнотежа меѓу одговорноста и независноста на судиите.

Овој предлог-закон е во корелација со предложената измена на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, каде истовремено се предвидува оценувањето на судиите да се заснова на нови избалансирани објективни квантитативни и квалитативни критериуми, со посебен фокус на професионални вештини, способноста, интегритетот и искуството.

Со овој Предлог-закон, согласно наведените забелешки и препораки, се пристапи кон јасно дефинирање на основите за дисциплинска одговорност, преку зајакнување на критериумот за квалитет во работата на судијата како основ за негово оценување, при што се користени компаративните добри практики и искуства.

## 2. Цели на предлог регулативата

Усогласување на Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на Република Македонија со забелешките од Мислењето на Венецијанската комисија од декември 2015 година, со цел зајакнување на квалитативниот критериум при оценувањето на судиите, односно јасно дефинирање на основите за диспциплинска одговорност на судиите, дисциплинските повреди и санкции.

## 3. Можни решенија (опции)

*3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку Владата не го прифати Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите ќе останат истите забелешки во овој дел во следниот извештај на Европската комисија и нема да се оствари определбата на Република Македонија да стане земја членка на Европската унија.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Опција Регулаторна мерка: Доколку Владата на Република Македонија го прифати предложен текст на овој закон, заедно со предложениот текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, ќе се надминат претходно лоцираните слабости во судскиот систем, ќе се вградат забелешките и препораките на Венецијанската комисија и на Европската комисија во однос на зајакнување на квалитативните критериуми и ќе се овозможи независноста и подигнувањето на квалитетот на судството, што ќе резултира со зголемена доверба на граѓаните.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

*Позитивно - посредно:* Добивањето на позитивна оценка од Европската комисија позитивно ќе влијае на економската средина. Воедно, ова позитивно ќе влијае на состојбите и перцепциите кои се бележат и рангираат од страна на меѓународните фактори коишто влијаат во создавање на перцепциите за Република Македонија од аспект на почитувањето на меѓународните стандарди, атрактивност за вложување во економијата и прогрес во евро-атланските интеграции, како одреден напредок во областа.

*Негативно-нема*

*4.2 Фискални влијанија*

Позитивно: Нема да предизвика дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

Негативно: Нема.

*4.3 Социјални влијанија*

Позитивно - посредно: Зголемена доверба на граѓаните во судскиот систем
Негативно: Нема.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*Нема*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

За изготвување на ова законско решение беше формирана работна група со претставници од стручната и научната јавност, судии, народен правобранител, организации од граѓанскиот сектор,

Предлог законот ќе биде доставен на јавен увид со можност за испраќање коментари преку ЕНЕР.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Мислење на Венецијанска комисија од 2015 година

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*Со донесување на овој предлог закон ќе се постапи по забелешките и препораките од Венецијанската Комисија, со што Република Македонија ќе биде позитивно оценета во извештајот на Европската комисија. Негативно влијание нема.*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Со овој предлог закон ќе се отстрани двојноста на основите за разрешување на судиите, премногу долгата листа на околности кои може да доведат до дисциплинското казнување, се предвидува недвосмислено утврдување на „вина“ на судијата како основ за утврдување на одговорност и другите препораки согласно Венецијанската комисија од 2015 година.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

*Закон за Судскиот совет на Република Македонија*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

*Судскиот совет на Република Македонија*

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

## 8. Следење и евалуација

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Согласно Методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата, со анализа со квалитативни податоци, преку собирање податоци преку кои ќе се верификува процесот на спроведување и ќе се утврдат активностите кои се преземени за спроведување на регулативата и изворите на верификација дека активностите се случиле.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Извештај за оценка на спроведувањето на регулативата.

Рок: 5 години од почетокот на примената на регулативата којашто се предлага со оваа Проценка на влијанието на регулативата.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:**
.................................................

______________

**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:**____________

.........................................

**потпис на министерот**